**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за комунални работи**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Зоран Лапевски**
Раководител на
Сектор за комунални работи

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА

за изменување на годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото на подрачјето на град Скопје за 2022 година

**Скопје, Август 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на  член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), член 12 став 2 точка 3  од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на _______  2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за изменување на годишна оперативна програма за подигање и  одржување на зеленилото на подрачјето на град Скопје за 2022 година

Член 1

Во годишната оперативна програма за подигање и  одржување на зеленилото на подрачјето на град Скопје за 2022 година (Службен гласник на Град Скопје бр.1/22) во глава V, износот “90.000.000,00” се менува со износ “106.500.000,00 денари”.

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2022 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I  I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ      KRYETAR
Трајко Славески

# О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), утврдена е надлежноста на Советот на град Скопје.
Согласно член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија " бр 11/18), Советот на Град Скопје е надлежен да донесе Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленило, во која се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато и одржувано, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства во тековната година и друго и ја следи нејзината реализација во согласност со Основниот план за подигање и развој на зеленилото.

Управувањето со зеленилото, што подразбира подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото е во надлежност на градот Скопје. Управувањето со зеленилото го врши ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје, основано од страна на Градот Скопје, како единствен овластен субјект на територија на градот, што може да ја обавува оваа дејност.

За извршување на програмата е утврдена посебна ставка во буџетот на Град Скопје.
Средствата прдвидени во буџетот на Град Скопје за 2022 година, не беа доволни за целосна реализацијата на програмата па затоа со измените на буџетот предвидени се дополнителни 16.500.000,00 денари, поради што е потребно донесување на измена на оваа годишна оперативна програма, а се со цел за усогласување со последните измени на буџетот.

Поради горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.